CIVICA MOBILITAS

# Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги

МАЗЗ
МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ

ИНФОРМАТОР 5

ИЗДАДЕНО ОД: Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги | 5то издание | Мај, 2021



**Одржани 2 онлајн обуки за Финансиски менаџмент и бизнис планирање наменети за претставници на земјоделски задруги – членки на ЗМАЗЗ**

**Завршен менторскиот процес за организациски развој на ЗМАЗЗ**

**Одржани два состанока на Управен одбор на ЗМАЗЗ**

**Македонската асоцијација на земјоделски задруги потпиша Меморандум за соработка со АгФутура Технолоџис**

**Започна процесот на подготовка на седумгодишната Стратегија за развој на земјоделски задруги во Р. Северна Македонија**

# Одржани 2 онлајн обуки за Финансиски менаџмент и Бизнис планирање наменети за претставници на земјоделски задруги – членки на ЗМАЗЗ







На 26 и на 31.03.2021 година Македонската асоцијација на земјоделски задруги организираше 2 онлајн обуки на тема Финансиски менаџмент и Бизнис планирање, како дел од Акцискиот план на ЗМАЗЗ, финансиран од Цивика мобилитас програмата. Членките на ЗМАЗЗ имаа можност да го збогатат нивното познавање поврзано со финансиското работење во земјоделски задруги како и квалитетно следење и раководење на финансиите во една земјоделска задруга. На втората сесија, посветена на Бизнис планирањето, учесниците се здобија со нови знаења за разбирање и имплементација на бизнис план кои ќе им овозможат основа за изработка на идни планови за развој на земјоделската задруга.






# Завршен менторскиот процес за организациски развој на ЗМАЗЗ

Во месец април, Македонската асоцијација на земјоделски задруги успешно го заврши менторскиот процес за организациски развој и идентификуваше активности кои ЗМАЗЗ би можела да ги спроведе во текот на следните 2-3 години за да ја оствари својата мисија и да придонесе за позитивни социјални промени во организацијата. ЗМАЗЗ ги идентификуваше следните акции и интервенции за подобрување на целокупното работење на организацијата:

- Акции за подобрување на внатрешната организација и за подготовка за предизвиците од следната фаза од животниот циклус;
- Акции за развој на продукти/услуги на ЗМАЗЗ;
- Акции за подобрување на стандардниот архетип (да се работи КАКО ЕДНО за да се оствари мисијата);
- Акции за подобрување на специфичните архетипи за остварување на специфичните цели.



# Одржани два состанока на Управен одбор на ЗМАЗЗ

Управниот одбор на ЗМАЗЗ започна со својата работа на редовни онлајн состаноци преку зоом платформата. Сегашните лидери на ЗМАЗЗ, Претседателот и членовите на Управниот одбор имаат визија да ги анализираат постојните политики, да го променат јавниот дискурс и да влијаат на социјалните трендови со воведување нови визии и иновативни решенија за проблемите што се јавуваат. Во исто време, раководните структури поставуваат амбициозни цели и ги инспирираат другите членови да дејствуваат со цел да се подобри работата на организацијата.



# Македонската асоцијација на земјоделски задруги потпиша Меморандум за соработка со АгФутура Технолоџис

Одржливото земјоделство и руралниот развој се многу поблиски со дигиталните технологии и иновативните решенија кои им се на дофат на фармерите во 21-от век. Со цел да им се доближат најновите трендови во дигиталното земјоделство на своите членки, ЗМАЗЗ потпиша Меморандум за соработка со AgFutura Technologies кои се лидери во оваа област, не само во државата, туку и на регионално и европско ниво. ЗМАЗЗ со AgFutura Techologies како свои партнери во наредниот период очекува многу заеднички активности и предизвици за модерно и напредно земјоделство.



# Започна процесот на подготовка на седумгодишната Стратегија за развој на земјоделски задруги во Р. Северна Македонија

Македонската асоцијација на земјоделски задруги како единствена чадор организација која работи на промоција и унапредување на задружната идеја во земјата ќе биде вклучена во процесот на подготовка на седумгодишната Стратегија за развој на земјоделски задруги во Р. Северна Македонија. Основна цел на подготовка на овој документ е зајакнување на задружниот сектор во земјава и истиот ќе биде под менторство на CARE Германија е.В. и Македонска развојна фондација за претпријатија за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а финансиран од Европската Унија.

Со помош на ЕУ Проектот: Поддршка за развој на земјоделски задруги, ЗМАЗЗ подготви акциски план кој ќе се спроведува во периодот април-јули 2021 година, а чија главна цел е јакнење на капацитетите на организацијата. Како дел од активностите е и продолжување на процесот за подготовка на Стратешки план за развој на ЗМАЗЗ за периодот 2021-2026 година.

ЗМАЗЗ во месец април објави повици за ангажирање на експерти за изработка на Стратешкиот план 2021-2026, како и за развој на План за маркетинг и промоција на услугите на ЗМАЗЗ, снимање и обработка на две видеа за промоција на ЗМАЗЗ и презентација на успешни задружни приказни од членките на ЗМАЗЗ. Сите активности ќе бидат реализирани со финансиската и техничката поддршка во рамките на ЕУ Проектот „Поддршка за развој на земјоделски задруги“ спроведуван од CARE Германија е.В. и Македонската развојна фондација за претпријатија.

ЗАЕДНО Е ПОДОБРО!

Поддршка за развој на земјоделски задруги

**Македонската асоцијација на земјоделски задруги и во ова издание на електронскиот информатор ја продолжува иницијативата за презентирање на успешни примери на земјоделски задруги – членки на ЗМАЗЗ, се со цел промоција и презентација на задружниот модел на економско организирање на фармерите и бенефитите кои произлегуваат од истото.**

---

Земјоделската задруга Преспанка - Преспанско Јаболче е формирана во 2020 година со основна дејност производство и продажба на јаболка. Земјоделските површини се во Ресен и околните села: Јанковец, Кривени, Затари, Бела Црква, Евла и Царев Двор. Задругата брои 22 членови, од кои над 60% се млади лица и жени. Вкупната површина со која располагаат членовите на задругата е на 50 ха под јаболка, дел цреши и праски. Мотивот за нивното здружување било и се уште е изградба на современ откупно дистрибутивен центар.

Минатата година ја завршиле со позитивно финансиско работење. Преку ЕУ Проектот „Поддршка за развој на земјоделски задруги, спорведуван од CARE Германија е.В и Македонската развојна фондација за претпријатија, задругата има добиено грант со максимална висина од 30.195 евра. Во рамките на проектот до сега ја набавиле следната опрема - мулчери, електрични ножици, тракторска приколица, сврдели. Како дел од проектот им е заштитата на географско потекло односно име, регистрација на трговска марка со графичко решение. ЗЗ Преспанка - Преспанско Јаболче искрено се надева дека за кратко време ќе успее да го брендира преспанското јаболко!






# Назив на грант:
# „Институционално јакнење на ЗМАЗЗ“

Годишниот план за работа на ЗМАЗЗ е поддржан од
**Цивика мобилитас**

Времетраење на грант: **24 месеци**
1 година (Г1): **01.07.2020-30.06.2021**
2 година (Г2): **30.06.2021-30.06.2022**

Висина на грант
Г1: **1.746.500 МКД**
Г2: **1.700.000 МКД**

Целосен износ на грант: **3.446.500 МКД**

## Контакт

**ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ**
Мартин Мицевски – Генерален секретар
Тел: 072/273-567
Е- мејл: m.micevski@mazz.mk

## Извршна канцеларија

**Адреса: ул. “Јордан Мијалков” бр. 38/1**
**1000 Скопје,**
**Република Северна Македонија**

**Телефон: 02/3141-830**
**070/290 853**

**Е-мејл: mazz@mazz.mk**
**Веб сајт: www.mazz.mk**

**Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Македонската асоцијација на земјоделски задруги и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат**